Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E EKONOMISE

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 18-5277/3
05-12-2022 год.-viti
Скопје-Shkup

**ПРИЛОГ**
**SHTOJCA**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

## RAPORT PËR VLERËSIMIN E NDIKIMIT TË RREGULLATIVËS

| | |
|---|---|
| Назив на министерство:<br>Emri i Ministrisë: | Министерство за економија<br>Ministria e Ekonomisë |
| Назив на предлогот на закон:<br><br>Titulli i Projektligjit: | ПРЕДЛОГ НА<br>ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКИ И ЗЕЛЕНИ ЗОНИ<br><br>PROPOZIM LIGJ<br>PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZONA INDUSTRIALE DHE TË GJELBRA |
| Одговорно лице и контакт информации:<br>Personi përgjegjës dhe kontakt informcionet: | Блерим Златку, Државен советник за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност Тел. 02/3 093 488<br><br>Јасмина Мајстороска, Раководител на Сектор за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност Тел. 02/3 093 492<br><br>Blerim Zllatku, këshilltar shtetëror për politikë industriale dhe investuese dhe përgjegjësi shoqërore Tel. 02/3 093 488<br><br>Jasmina Majstoroska, udhëheqëse e Sektorit për politikë industriale dhe investuese dhe përgjegjësi shoqërore Tel. 02/3 093 492 |
| Вид на Извештај:<br><br>Lloji i Raportit: | ☒Нацрт<br>☒Projekt<br><br>☐Предлог<br>☐ropozim |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Programi Vjetor i Punës i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☐ НПАА |

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E EKONOMISE

| | |
|---|---|
| Detyrimi për përgatitjen e propozimligjit rrjedh nga: | ☐ NPAA<br><br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Përfundimi i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☐Друго ____<br>☐Tjera ____ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ:<br>Lidhshmëria me Direktivat e BE-së: | НЕ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации:<br>A përmban projektraporti informacione në përputhje me rregulloret që kanë të bëjnë me informacionet e klasifikuara: | ☐Да<br>☐Jo<br><br>☒Не<br>☒Jo |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:<br>Data e publikimit të projektraportit të ENER: | 30.11.2022 година / 30.11.2022 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација:<br>Data e dorëzimit të Projektraportit deri te Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | 20.11.2022 година / 20.11.2022 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација:<br>Data e marrjes së mendimit të Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | .12.2022 година / .12.2022 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат<br>Afati i dorëzimit të Projektligjit deri te Sekretariati i Përgjithshëm | Декември 2022 / Dhjetor 2022 |

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E EKONOMISE

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот
## 1. Përshkrimi i gjendjeve në fushë dhe përcaktimi i problemit

### 1.1 Опис на состојбите
### 1.1 Përshkrimi i gjendjes

Со одредбите на постојниот текст на Законот за индустриски и зелени зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 119/13, 160/14, 173/15 и 192/15) се уредуваат условите и начинот за основање, управување и работење со индустриските и зелените зони, дејностите кои се вршат во индустриските и зелените зони, условите за нивно вршење, како и престанокот на работа на индустриската и зелената зона, отуѓувањето на земјиштето и обврските на сопственикот на дел од земјиштето и сопственикот на цела зона кои ќе вршат дејност во зоната, како и постапката за трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона.

Потребата од изменувањето и дополнувањето на Законот за индустриски и зелени зони е поради допрецизирање на одредени постапки за основање на зоните во зависност од статусот на основачот на зоните како и утврдување на исклучоци во руралните општини со што би се овозможил побрз економски развој на руралните општини, а воедно би се поедноставила постапката за основање во истите. Консеквентно на претходното, се вршат и измени во делот на законот со кој се уредуваат прашања по однос на проширување, скратување и трансформација на зоните, востановување на нови правни субјекти кои ќе работат како оператори на зоните кога основач на зоната е Владата на Република Северна Македонија. Процедурите за продажба и давање под закуп на земјиште и објекти во зоните исто така се предмет на доуредување со што би се постигнал поефективен пристап при тековното работење на институциите и телата надлежни за спроведување на овие управни постапки.

Me dispozitat e tekstit ekzistues të Ligjit për zonat industriale dhe të gjelbra ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 119/13, 160/14, 173/15 dhe 192/15) rregullohen kushtet dhe mënyra e themelimit, menaxhimit dhe funksionimit të zonave industriale dhe të gjelbra, veprimtaritë që ushtrohen në zonat industriale dhe të gjelbra, kushtet për ushtrimin e tyre, si dhe ndërprerja e punës së zonës industriale dhe të gjelbër, tjetërsimi i tokës dhe detyrimet e pronarit të një pjese të truallit dhe pronarit të të gjithë zonës që do të ushtrojnë veprimtari në zonën, si dhe procedurën për transformimin e zonës zhvillimore teknologjike industriale në zonë industriale.

Nevoja për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për zonat industriale dhe të gjelbra është për shkak të saktësimit plotësues të procedurave të caktuara për themelimin e zonave në varësi të statusit të themeluesit të zonave, si dhe përcaktimin e përjashtimeve në komunat rurale, me çka do të mundësohej zhvillim më të shpejtë ekonomik. të komunave rurale, e njëherësh do të thjeshtohej procedura për themelimin në të njëjtat. Si rrjedhojë, bëhen ndryshime në pjesën e ligjit që rregullon çështjet që kanë të bëjnë me zgjerimin, shkurtimin dhe transformimin e zonave, vendosjen e subjekteve të reja juridike që do të punojnë si operatorë të zonave kur themelues i zonës është Qeveria e Republikës së Maqedonisë së

Veriut. Procedurat për shitje dhe qiradhënie të truallit dhe objekteve në zonat po ashtu janë lëndë e rregullimit plotësues me çka do të arrihej qasje më efektive gjatë funksionimit rrjedhës të institucioneve dhe organeve kompetente për zbatimin e këtyre procedurave administrative.

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување
1.2 Arsyet për problemet të cilat janë lëndë në shqyrtim

Дејностите кои што се определени да се вршат во зелените зони со измените на законот се условуваат со исполнување на одредени дополнителни критериуми кои подетално ќе бидат доуредени со акт на Владата на Република Северна Македонија. Воедно целиот текст на постојниот закон е номотехнички доуреден согласно утврдените измени и дополнувања.

Veprimtaritë që janë përcaktuar të ushtrohen në zonat e gjelbra me ndryshimet e ligjit kushtëzohen me përmbushjen e kritereve të caktuara plotësuese që do të rregullohen më hollësisht në mënyrë plotësuese me akt të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut. Njëherësh, i gjithë teksti i ligjit ekzistues është rregulluar në mënyrë plotësuese nomoteknike në përputhje me ndryshimet dhe plotësimet e përcaktuara.

**2. Цели на предлог регулативата**
**2. Qëllime të propozimrregullores**

Со измените и дополнувањата на Законот за индустриски и зелени зони се овозможува конзистентност на постапките за основање, управување и работење со индустриските и зелените зони, ефективност при определување на надлежностите на одредени правни субјекти при основањето на зоната, како и симплифицирање на постапките за проширување, скратување и трансформација на зоните.

Целите на измените и дополнувањата на Законот за индустриски и зелени зони се во насока на подобрување на економскиот развиток на државата и поедноставен пристап на инвеститорите за стекнување на статус на корисник на зона преку определување на поефективни управни постапки.

Me ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për zona industriale dhe të gjelbra mundësohet konsistencë e procedurave për themelimin, menaxhimin dhe funksionimin e zonave industriale dhe të gjelbra, efektivitet gjatë përcaktimit të kompetencave të subjekteve të caktuara juridike gjatë themelimit të zonës, si dhe thjeshtësim të procedurave për zgjerim, shkurtim dhe transformim të zonave.

Qëllimet e ndryshimeve dhe plotësimeve të Ligjit për zonat industriale dhe të gjelbra janë në drejtim të përmirësimit të zhvillimit ekonomik të shtetit dhe qasje më e thjeshtë e investitorëve për të marrë statusin e shfrytëzuesit të zonës përmes përcaktimit të procedurave më efektive administrative.

**3. Можни решенија (опции)**
**3. Zgjidhje të mundshme (opsione)**

3.1 Опис на решението „не прави ништо"
3.1 Përshkrimi i zgjidhjes "nuk bënë asgjë"

Доколку не се пристапи кон измени и дополнување на Законот нема да се овозможи конзистентност на постапките за основање, управување и работење со индустриските и зелените зони, нема да има ефективност при определување на надлежностите на одредени правни субјекти при основањето на зоната, а исто така ќе недостига и симплифицирање на постапките за проширување, скратување и трансформација на зоните. Ова не е прифатлива опција бидејќи нема да се постигнат горенаведените цели.

Nëse nuk bëhen ndryshime në ligj, nuk do të mundësohet konsistenca e procedurave për themelimin, menaxhimin dhe funksionimin e zonave industriale dhe të gjelbra, nuk do të ketë efektivitet në përcaktimin e kompetencave të subjekteve të caktuara juridike gjatë themelimit të zonës. po ashtu do të mungojë edhe thjeshtimi i procedurave për zgjerimin, shkurtimin dhe transformimin e zonave. Ky nuk është një opsion i pranueshëm pasi objektivat e mësipërm nuk do të arrihen.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот
3.2 Përshkrimi zgjidhjeve të mundshme (opsione) për zgjidhjen e problemit

Допрецизирањето на одредени постапки за основање на зоните во зависност од статусот на основачот на зоните како и утврдување на исклучоците во руралните општини би овозможил побрз економски развој на руралните општини.
Përsosja e disa procedurave për krijimin e zonave në varësi të statusit të themeluesit të zonave si dhe përcaktimi i përjashtimeve në komunat rurale do të mundësonte zhvillim më të shpejtë ekonomik të komunave rurale.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата
## 4. Vlerësimi i ndikimit të rregullativës

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:
Ndikime të mundshme pozitive dhe negative nga secili opsion:

4.1 Економски влијанија
4.1 Ndikime ekonomike

Забрзување на економскиот раст со привлекување на странски и домашен капитал, зголемување на конкурентноста и на вработувањето.
Përshpejtim të rritjes ekonomike me tërheqjen e kapitalit të huaj dhe vendor, rritje të aftësisë konkurruese dhe të punësimit.

4.2 Фискални влијанија
4.2 Ndikime fiskale

Позитивно влијание врз основа на раст на макроекономските показатели.
Ndikim pozitiv bazuar në rritjen e treguesve makroekonomikë.

4.3 Социјални влијанија

4.3 Ndikime sociale

Заживување на руралните средини и зголемена вработеност.
Ringjallja e zonave rurale

4.4 Влијанија врз животната средина

4.4 Ndikimi i mjedisit jetësor

Предложената измена на законот предвидува воспоставување на зелени зони каде што ќе се применуваат напредни технологии кои штедат енергија и ги минимизираат негативните ефекти врз животната средина.

Amendamenti i propozuar i ligjit parashikon krijimin e zonave të gjelbra ku do të aplikohen teknologjitë e avancuara që kursejnë energjinë dhe minimizojnë efektet negative në mjedis.

4.5 Административни влијанија и трошоци –

4.5 Ndikimi administrativ dhe shpenzimet -

а) трошоци за спроведување

a) shpenzimet për zbatim

////

б) трошоци за почитување на регулативата

b) shpenzime e respektimit të rregullativës

Со новото законско решение не се предлага воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци.

Me zgjidhjen e re ligjore nuk propozohet vendosje e ngarkesave të reja administrative, formalitete dhe shpenzime.

## 5. Консултации
## 5. Konsultime

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

5.1 Palët e interesuara dhe mënyra e përfshirjes

Предлог на законот е прикачен на ЕНЕР на 30.11.2022 година. Предлог законот е даден на мислење до следните институции:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за финансии;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Дирекција за ТИРЗ;
- Министерство за локална самоуправа;
- Секретаријат за законодавство

Сите добиени мислења ќе се вградат во новиот текст на Предлог законот.

Projektligji i është bashkangjitur ENER-it më 30.11.2022. Projektligji është dorëzuar për mendim në këto institucione:

- Ministria e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor;
- Ministria e Financave;
- Ministria e Transportit dhe Lidhjeve;
- Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Menaxhimit të Ujërave;
- Drejtoria për TIRZ;
- Ministria e Vetëqeverisjes Lokale;
- Sekretariati për Legjislacion

Të gjitha mendimet e marra janë inkorporuar në tekstin e ri të projektligjit.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења
5.2 Pasqyrë e mendimeve të marra dhe të ndërtuara

Мислењата на засегнати страни дадени за текстот на законот ќе се разгледаат и земат во предвид во проценката на влијанието на регулативата.
Mendimet e palëve të interesuara të dhëna për tekstin e ligjit janë shqyrtuar dhe janë marrë parasysh në vlerësimin e ndikimit të rregullores.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто
5.3 Mendimet të cilat nuk janë marrë parasysh dhe pse

Мислењата на засегнати страни ќе бидат разгледани и земени во предвид во подоцнежна фаза од проценката на влијанието на регулативата.
Mendimet e palëve të interesuara do të rishikohen dhe merren parasysh në fazë të mëvonshme të vlerësimit të ndikimit rregullator.

## 6. Заклучоци и препорачано решение
## 6. Përfundime dhe zgjidhje e rekomanduar

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)
6.1 Pasqyrë krahasuese e ndikimeve pozitive dhe negative e zgjidhjeve të mundshme (opsione)

Предложените законски решенија ќе имаат позитивно влијание на развојот на руралните средини.
Zgjidhjet ligjore të propozuara do të kenë një ndikim pozitiv në zhvillimin e zonave rurale.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)
6.2 Rreziqe në zbatimin dhe aplikimin e secilës prej zgjidhjeve të mundshme

Ризикот постои во спроведувањето на законските решенија заради

6.3 Препорачано решение со образложение
6.3 Zgjidhje e rekomanduar me arsyetim

Со одредбите на постојниот текст на Законот за индустриски и зелени зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 119/13, 160/14, 173/15 и 192/15) се уредуваат условите и начинот за основање, управување и работење со индустриските и зелените зони, дејностите кои се вршат во индустриските и зелените зони, условите за нивно вршење, како и престанокот на работа на индустриската и зелената зона, отуѓувањето на земјиштето, како и постапката за трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона. Потребата од изменувањето и дополнувањето на Законот за индустриски и зелени зони е поради допрецизирање на одредени постапки за основање на зоните во зависност од статусот на основачот на зоните како и утврдување на исклучоци во руралните општини со што би се овозможил побрз економски развој на руралните општини, а воедно би се поедноставила постапката за основање во истите. Консеквентно на претходното се вршат и измени во делот на законот со кој се уредуваат прашања по однос на проширување, скратување и трансформација на зоните, востановување на нови правни субјекти кои ќе работат како оператори на зоните кога основач на зоната е Владата на Република Северна Македонија. Процедурите за продажба и давање под закуп на земјиште и објекти во зоните исто така се предмет на доуредување со што би се постигнал поефективен пристап при тековното

работење на институциите и телата надлежни за спроведување на овие управни постапки. Измените, исто така, предвидуваат регулирање на статусот на веќе постоечките, но не со закон дефинирани индустриски зони.

Me dispozitat e tekstit ekzistues të Ligjit për zonat industriale dhe të gjelbra ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 119/13, 160/14, 173/15 dhe 192/15) rregullohen kushtet dhe mënyra e themelimit, menaxhimi dhe funksionimi me zonat industriale dhe të gjelbra, veprimtaritë që kryhen në zonat industriale dhe të gjelbra, kushtet për kryerjen e tyre, si dhe ndërprerja e punës së zonës industriale dhe të gjelbër, tjetërsimi i tokës, si dhe si procedurë për shndërrimin e zonës zhvillimore industriale teknologjike në zonë industriale. Nevoja për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për Zonat Industriale dhe të Gjelbra është për shkak të specifikimit të disa procedurave për themelimin e zonave në varësi të statusit të themeluesit të zonave, si dhe vendosjes së përjashtimeve në komunat rurale, të cilat do të mundësonin zhvillim më të shpejtë ekonomik. të komunave rurale.dhe në të njëjtën kohë do të thjeshtohej procedura për themelimin në to. Si rrjedhim i atij të mëparshmi, bëhen ndryshime në pjesën e ligjit që rregullon çështjet që kanë të bëjnë me zgjerimin, shkurtimin dhe transformimin e zonave, krijimin e personave të rinj juridikë që do të punojnë si operatorë të zonave kur themeluesi i zonës të jetë. Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut. I nënshtrohen rregullimeve edhe procedurat për shitjen dhe dhënien me qira të tokës dhe objekteve në zona, me çka do të arrihet një qasje më efektive ndaj funksionimit aktual të institucioneve dhe organeve përgjegjëse për zbatimin e këtyre procedurave administrative. Ndryshimet parashikojnë gjithashtu rregullimin e statusit të zonave industriale tashmë ekzistuese, por jo të përcaktuara ligjërisht.

## 7. Спроведување на препорачаното решение
## 7. Zbatimi i zgjidhjes së rekomanduar

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области
7.1 Nevoja për ndryshimin e ligjeve dhe rregullativës nënligjore në fushë ose fusha tjera të lidhura

Со донесување на предметниот закон, има потреба од донесување подзаконски акти.
Me miratimin e ligjit në fjalë, ekziston nevoja për miratimin e akteve nënligjore.

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување
7.2 Akte nënligjore të nevojshme dhe afati për sjelljen e tyre

Донесувањето на предложениот законот имплицира донесување на подзаконски акти.
Miratimi i ligjit të propozuar nënkupton miratimin e akteve nënligjore.

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување
7.3 Organe të administratës shtetërore, organe shtetërore dhe organe tjera kompetente për Zbatim

Надзор над спроведувањето на овој закон и од прописите кои ќе бидат донесени врз основа на овој закон врши Дирекцијата за ТИРЗ и Министерството за економија за зони во кои е воспоставено Јавно приватно партнерство.

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
MINISTRIA E EKONOMISE

Mbikëqyrja e zbatimit të rregullave të këtij ligji dhe të rregulloreve të miratuara në bazë të këtij ligji bëhet nga Drejtoria për TIRZ dhe Ministria e Ekonomisë për zonat në të cilat është krijuar Partneriteti Publik Privat.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

7.4 Aktivitete për sigurimin e zbatimit efikas të Propozim ligjit

Спроведувањето на Законот се предвидува преку активности кои се во делокругот на работата на ДТИРЗ.

Zbatimi i ligjit parashikohet përmes aktiviteteve që janë në kuadër të punës së DTIRZ.

## 8. Следење и евалуација
## 8. Monitorimi dhe vlerësimi

8.1 Начин на следење на спроведувањето

8.1 Mënyra e monitorimit të zbatimit

Министерството за економија и Дирекцијата за ТИРЗ ќе го следат спроведувањето на законот преку преземање на сите соодветни активности и водење на потребната евиденција.

Ministria e Ekonomisë dhe Drejtoria për TIRZ do të monitorojnë zbatimin e ligjit duke ndërmarrë të gjitha veprimet e duhura dhe duke mbajtur evidencën e nevojshme.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

8.2 Vlerësimi i efekteve të Projektligjit dhe afateve

Евалуацијата од спроведување на законот ќе ја следи Министерството за економија преку анализа на годишните извештаи на Дирекцијата за ТИРЗ, за работата и фунционирањето на индустриските и зелени зони.

Vlerësimi i zbatimit të ligjit do të monitorohet nga Ministria e Ekonomisë nëpërmjet analizës së raporteve vjetore të Drejtorisë për TIRZ, për punën dhe funksionimin e zonave industriale dhe të gjelbra.

**Изјава од државниот секретар**
**Deklarata e sekretarit shtetëror**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Projektraporti për vlerësimin e ndikimit të regullativës është përgatitur në përputhje me Metodologjinë për Vlerësimin e Ndikimit të Rregullativës. Ai u jep vlerësim real ndikimeve të mundshme dhe efekteve të pritura, si dhe shpenzimet që lidhen me secilën nga zgjidhjet e identifikuara të mundshme (opsione) për zgjidhjen e problemit.**

**Датум:/ Data:** 05-12-2022

**Размена Чекиќ Дуровиќ**
**потпис на Државен Секретар**
**nënshkrimi i Sekretarit Shtetëror**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup